# ПРОГРАМА
## за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во Општина Берово за 2025 година

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се донесува согласно член 11 и член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. Весник на Р М. 66/04; 139/08 , 99/09,149/14,150/15 и 37/16) и член 22 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. 5/02).

Целта на оваа програма е организирано спроведување на општи превентивни мерки за да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести кај населението од подрачјето на Општина Берово.

**Воведен дел**

За заштита на населението од заразни болести, во 2025 година ќе се спроведат вообичаените општи мерки:

- Обезбедување на безбедна вода за пиење;
- Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување;
- Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и други јавни површини и
- Превентивно - промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Организираното водоснабдување, како дејност од јавен интерес, е слика на општествениот стандард и значаен предуслов за заштита од заразни заболувања и добро здравје. Од тука и во 2025 година примарната грижа на Општина Берово ќе биде насочена кон обезбедување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење, намалување на загубите на вода на минимум и услови за непрекинато и удобно користење на водата за пиење.

Согласно Одлуката за Комунален ред, организираното водоснабдување на населението во Општина Берово го врши ЈКПР „Услуга" - Берово, преку општинскиот водовод - Берово, а водоснабдувањето на селата Ратево и Двориште го спроведуваат месните самоуправи.

Општина Берово, во соработка со ЈЗУ ЦЈЗ Кочани, двапати годишно (по потреба и повеќе) го организира и го следи квалитетот на водата од селските водоводи на селата Ратево и Двориште.

ЈЗУ Центар за Јавно Здравје – Кочани ќе зема мостри за испитување на вода за пиење и од локални чешми, бунари, кладенци и сл. кои се користат од населението.
Во секој резултат ќе стои и мислење за исправноста и квалитетот на водата. По потреба ќе се врши хиперхлорирање на објектите за вода, формирање на заштитни зони и превземање на други заштитни мерки или предупредување за користење на водата со претходно проврување.

**Правилно и навремено отстранување на цврст отпад и отпадни води**

Согласно член 38 став 2 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води(„Сл.Весник на РМ„ бр. 68/04........ 31/16), загадувачите се должни да ја испитуваат безбедноста на отпадните води. Затоа, сезонски ќе се следи квалитетот на водата од река Брегалница 1 км пред испуштањето на пречистени отпадни води од пречистителната станица за отпадни води, и еден километар од испуштањето на отпадни води од пречистителната станица и ќе се процени еколошкиот ризик и ризикот за здравјето од користење на рибите, жабите и градинарските култури наводнувани со вода од реката. За оваа цел се предвидуваат да се испитаат вкупно 12 примероци вода.

**Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Согласно член 42 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. Весник на Р М. 66/04; 139/08 , 99/09,149/14,150/15 и 37/16) овластени да вршат дезинфекција, дезинсекција и дератизација на јавни установи и на други јавни површини се центрите за јавно здравје и други правни лица што ги исполнуваат бараните критериуми за вршење на ваква дејност.

Се предлага да се спроведат најмалку 3 теристички прскања со водно растворливиот преперат аквакотрин. Теристичките прскања ќе се спроведат во крајот на месец Мај, во месец Јуни и Август 2025 година, со опфат од по 150 хектари по едно третирање, или вкупно 450 хектари, во населените места на општината. Доколку постои потреба, може да се реализира и едно авионското прскање во втората половина на јуни, со опфат од најмалку 500 хектари.

Во врска со член 42 од истиот закон, Општина БЕРОВО ќе спроведе општа дератизација, во Октомври 2025 година, со 100 кг. кумарински препарат. За извршување на дератизацијата ќе се третираат вкупно 300 шахти (150 во Берово, 20 шахти во село Ратево, 45 шахти во село Русиново, по 20 шахти во Будинарци и Владимирово, 35 шахти во село Смојмирово и 10 шахти во населбата „Беровско езеро". Во секоја од третираните 300 канализациони шахти ќе се постават по 300 грама отпорни на надворешни влијанија кумарински препарати, или вкупно 90 килограми. За превентивна дератизација на депонијата за комунален отпад ќе се постават 5 килограми кумарински блокови и 5 килограми ќе бидат поставени во кругот на пречистителната станица за отпадни води.

**Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението**

За заштита и унапредување на здравјето на населението секојдневно ќе се врши советување на лица заболени од заразна болест, за која е доставена Пријава за заразно заболување.

Редовно ќе се едуцира младото население за унапредување на сексуалното здравје.

Во зависност од случувањата ќе се спроведуват и тестирања на малигни заболувања во цревниот тракт и заразеност од заразна жолтица, бруцелоза, СИДА и други заразни заболувања.

## Финансиски план за реализација на програмата

1. **Следење на безбедноста на водите за пиење од селски водоводи = 29.700,оо денари**

   - Хемиски и бактериолошки анализи ........................6 * 2.950,оо = 17.700,оо денари
   - Трошоци за пат ........................................................................... 6. 000,оо денари
   - Јавни чешми, бунари, кладенци (опционално) ............................... 6. 000,оо денари

2. **Доведување на водата за пиење од двата селски водоводи во Двориште и Ратево во изправна состојба, ако се појави потреба од истото = 36 000,оо денари**

   - Вонредни хиперхлорирања на двата селски водоводи во Двориште и Ратево со течен хлор.................... 100 л. * 360 = 36 000,оо денари

3. **Испитување на загаденоста на водата во река Брегалница и процена на ризик = 28.000,оо денари**

   - Физичко - хемиски и бактериолошки анализи........12* 2.950,оо денари = **35.400,оо денари**

4. **Дезинфекција, Дезинсекција и Дератизација**

**4.1. Третирање на комарци во општина Берово = 315.000,оо денари**

Три теристички третирања на комарци во населените места = 450 * 700 д ........... 315.000,оо денари
Едно авионско третирање на комарци во Општина Берово = ................. 165.000,оо ден. (алтернативно)

**4.2. Општа дератизација на канализациониот системе и градската депонија = 116. 000,оо денари**

90 кг. отров во градската и селските канализации (90* 1.000 = 90 000) = ....... 90. 000,оо ден.
5 кг. во депонија (5кг. * 1.000 ден.= 5.000) =......................................................... 5.000,оо ден.
5 кг. во пречистителна станица за отпадни води (5кг. *1.000 ден.= 5.000) =..... 5.000,оо ден.
Трошоци за пат = ........................................................................................... 10.000,оо ден.
Отварачи на шахти (2 работници) .......................................................................... 6. 000,оо ден.

| Програма | **Вид на активности** | **Цена по активност во денари** |
|---|---|---|
| **P1** | **Води за пиење** | **29. 700,оо ден.** |
| | **Хиперхлорирање на селски водоводи** | **36. 000,оо ден.** |
| **P1** | **Анализа на р. Брегалница** | **35. 400,оо ден.** |
| **T1** | **Уништување на комарци (3 теристички третирања)** | **315. 000,оо ден.** |
| **T1** | **Дератизација на канализација и депонија** | **116. 000,оо ден.** |
| | **ВКУПНО** | **532.100,оо ден.** |

Бр.09-3956/1
28.11.2024 година
Берово

СОВЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО
Претседател
с.р. Петар Ружински